# 69. МОРЕ ТРИ ГОДИНИ ( ТЕМЈАНО )




Море, три години
Стамбол го шетав, темјано,
Море три години,
Станбол го шетав,
пиле калешо.

Море, си спечалив
до три иљади, Темјано,
море си спечалив,
до три илјади,
пиле калешо.

Првата иљада
коњ ќе си купам, Темјано,
првата илјада,
коњ ќе си купам,
пиле калешо.

Другата иљада
куќа ќе си купам, Темјано,
другата илјада,
куќа ќе си купам,
пиле калешо.

Третата иљада
тебе ќе земам, Темјано,
третата илјада,
тебе ќе те земам,
пиле калешо.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995